Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Со цел превенција од ширење на корона вирусот, Ве известуваме дека во престојниот период Универзитетската ветеринарна болница ги превзема следните чекори:

1. Универзитетската ветеринарна болница, работи непречено секој работен ден со почеток од **09 до 15:30 часот;**
2. При прием на пациенти, сопствениците задолжително треба да го почитуваат редоследот во чекалната, каде може да присуствуваат најмногу **до двајца сопственици со својот миленик** и задолжително е **носење на заштитна маска**;
3. На приемниот дел во Универзитетската ветеринарна болница поставени се средства за дезинфекција на дланките, Ве молиме следете ги упатствата за редовна примена и ваша хигиена;
4. Универзитетската ветеринарна болница работи на принцип со претходно закажување на термин за општи/специјалистички прегледи/елективни хируршки интервенции на следните телефонски броеви 071/269-471 или 02/3240 785;
5. Прегледот, дијагностиката и третманот на миленици, **ќе се спроведува без присуство на сопственикот,** освен во случаи кога тоа е неопходно;
6. Предност за прием, преглед и хируршки интервенции имаат домашните миленици кај кои се забележани симптоми на:
   - **Акутна траума/крварење/акутен абдомен/отворени скршеници**
   - **Сомнеж на труење**
   - **Тежок пород/пиометра/вагинално крварење**
   - **Гушење, отежнато дишење**
   - **Интензивно повраќање/дијареа пропратено со симптоми на општа слабост, особено кај млади животни на возраст до 1 година**
   - **Крварење од природните отвори (усна, носна празнина)**



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

- **Потешкотии при уринирање и дефекација**
- **Сомнеж за дилатација/торзија на желудник и страно тело**
- **Епилептни напади/офталмолошки и невролошки итни состојби.**

За сите дополнителни информации, Ве молиме да се јавите на следните телефонски броеви: 071/269-471 или 02/3240 785 или да не контактирате преку нашата меил адреса uvb@fvm.ukim.edu.mk .

Со Почит,

Проф. д-р Ксенија Илиевска
Раководител на
Универзитетска ветеринарна болнива



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk